# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во втор квартал од 2016 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за втор квартал биле реализирани приходи во износ од 288.959.033,00 денари,од планираните 734.351.849,00 денари од вкупниот буџет на општина Битола, или 39,35% остварени, додека реализираните расходи се во износ од 210.807.306,00 денари од планираните 734.351.849,00 денари од вкупниот буџет на Општина Битола или 28,71%.

***Динамика на движење на приходите во вториот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, за вториот квартал, од планираните 18.556.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени приходи се во износ од 9.452.145,00денари или 50,94 %.

Ставка 713- Данок на имот за вториот квартал, од планираните во вкупниот буџет 168.800.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 71.166.251,00 денари или 42,16 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во вториот квартал, од планираните 228.295.000,00 денари остварени приходи се во износ од 94.197.324,00 денари или 41,26 %.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 39.081.758,00 денари остварени се 7.778.035,00 денари или 19,90 %.

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси во вториот квартал, од планираните 6.000.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.350.353,00 денари, или 55,84 %.

Ставка 723-Такси и надоместоци во вториот квартал ,од планираните 15.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 6.511.763,00 денари, или 43,41 %.

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 150.000,00 денари, остварени се приходи од 30.817,00 денари во вториот квартал или 20,54%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во вториот квартал, од планираните 38.000.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.857.726,00 денари или 10,15 %.

Ставка 731- Продажба на капитални средства планирана е со 20.000.000,00 денари, остварен се приходи во вториот квартал во износ од 2.118.300,00 денари или 10,59%.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 85.647.226,00 денари остварени се 19.731.389,00 денари или 23,04 %.

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт во вториот квартал, од планираните 114.821.865,00 денари, остварени се приходи во износ од 70.764.930,00 денари или 61,63%.

***Динамика на движење на расходите во вториот квартал***:

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во вториот квартал во износ од 19.027.872,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 42.222.000,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 6.919.863,00 денари од вкупно планирани во буџетот 15.407.500,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во вториот квартал реализирани се трошоци од 2.868.519,00 денари од планираните 7.386.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва не е реализирана, од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 479.659,00 денари од планираните 2.145.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во вториот квартал во износ од 29.360.971,00 денари, од планираните 68.105.000,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за вториот квартал во износ од 3.152.615,00 денари, од планираните 7.085.696,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во вториот квартал во износ од 28.133.592,00 денари од планираните 74.647.242,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во вториот квартал во износ од 8.615.826,00 денари од планираните 48.558.198,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за вториот квартал во износ од 7.162.115,00 денари, од планираните 25.030.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за вториот квартал во износ од 5.784.385,00 денари, од планираните 11.020.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 3.169.622,00 денари , во вториот квартал нема реализирани трошоци.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за вториот квартал во износ од 11.609.000,00 денари, од планираните 24.700.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во вториот квартал во износ од 4.584.573,00 денари од планираните 13.000.000,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 500.000,00 денари, реализирани трошоци во вториот квартал во висина од 199.755,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во вториот квартал во износ од 2.388.146,00 денари од планираните 5.400.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи за вториот квартал во износ од 1.316.454,00 денари од планираните 4.450.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за вториот квартал во износ од 75.349.637,00 денари од планираните 367.151.591,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел бил планиран износ од 100.000,00 денари, не се реализирани трошоци во вториот квартал .

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во вториот квартал во износ од 483.060,00 денари од планираните 10.350.000,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила бил планиран износ од 3.524.000,00 денари, реализирани се средства во вториот квартал во износ од 3.371.264,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 28,71%.Програмата А0-Совет на општината е извршен 25,45%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 23,21%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 29,15 %, Д1- Месна самоуправа 35,02%, програмата Е0- Општинска администрација е исполнета со 37,05 %, Ј3- Јавно осветление е извршена со 46,97 %, Ј4-Јавна чистота со 29,77% Ј6 -Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 24,20%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 43,49%, ЈА- Изградба на капацитети во енергетиката АРМ четврт 1 и 2 со 22,02%,ЈГ-Изградба на капацитети за водоснабдување АРМ четврт 1 и 2 со 33,05%, ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 30,13%,ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација во АРМ четврт 1 и 2 со 3,41%,КА-Изградба на други објекти (кино Манаки) со 20,76 %,ЊО-Противпожарна заштита со 25,25%, РА-Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори со 99,91%,Ф1-Изработка на просторни и урбанистички планови со 3,69%, и ФД-Изградба на други објекти со 37,50%

***Корисници на средства од наменска и блок дотација***:

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 318.673.896,00 денари, од планираните 655.147.894,00 денари, или 48,64 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за вториот квартал се во износ од 311.114.946,00 денари од планираните 655.147.894,00 денари или 47,49% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 204.923.307,00 денари, од планираните 423.071.623,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 76.141.812,00 денари, од планираните 157.320.875,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 12.507.857,00 денари од планираните 35.605.107,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 692.783,00 денари, од планираните 2.391.646,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 255.803,00 денари, од планираните 412.097,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 16.310.504,00 денари, од планираните 29.442.546,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини реализирани се средства во висина од 282.880,00 денари од планираните 904.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 6.000.000,00 денари, не се потрошени средства во вториот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 41,78 %, В2 Дом за стари лица 46,99 %, К3 Музејска и кинотечна дејност е 49,73% Н1 Основно образование со 48,42 %, Н2 Средно образование со 47,88 %, и програмата Ѕ0 со 45,51 %.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за вториот квартал се во износ од 26.035.342,00 денари од планираните 95.677.000,00 денари, или 27,21 %.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во вториот квартал се реализирани 19.730.696,00 денари од планираните 95.677.000,00 денари или 20,62% и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во вториот квартал во износ од 2.230.000,00 денари, реализирани се 1.043.956,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 835.000,00 денари реализирани се 386.476,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.023.000,00 денари, реализирани се во вториот квартал 52.325,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 9.084.000,00 денари, реализирани се 2.468.680,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 36.776.000,00 денари реализирани се 8.688.940,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 12.291.500,00 денари, реализирани се 1.713.845,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.704.000,00 денари реализирани се во износ од 2.655.083,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.443.000,00 денари, реализирани се 1.301.431,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 150.000,00 денари, не се реализирани средства во вториот квартал.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 3.631.500,00 денари,реализирани се средства во износ од 744.174,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 4.890.000,00 денари, реализирани се 598.548,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 450.000,00 денари, не се реализирани трошоци во вториот квартал.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 1.800.000,00 денари, реализирани се трошоци во вториот квартал во висина од 8.142,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 705.000,00 денари, реализирани се трошоци во вториот квартал во висина од 24.560,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 704.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 44.536,00 денари во вториот квартал.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 1.960.000,00 денари, не се реализирани средства во вториот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 19,35 %, В2 Дом за стари лица со 41,17 %, К3 програмата е со 24,40 %, Н1Основно образование со 7,31 %, и Н2 Средно образование со 13,39%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 24.373.400,00 денари, приходовани во вториот квартал се средства од 2.656.056 ,00 денари или 10,90% , додека за планираните расходи од 24.373.400,00 денари е реализиран износ од 2.656.056,00 денари или 10,90%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја.О.Мара, ОУ Ѓорѓи Сугарев, СОУ Таки Даскало, и др.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Заеми** за вториот квартал реализирани се во износ од 9.748.536,00 денари од планираните 109.118.168,00 денари, или 8,93 %.

Вкупни капитални расходи за сметката **Заеми** во вториот квартал се реализирани во износ од 9.748.536,00 денари од планираните 109.118.168,00 денари или 8,93% .

Б.Т.

Сектор за Финансиски прашања